ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **05.11.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Градоначалник</u>**

Дадено е задолжение до Одделението за правни и општи работи и Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура за подготовка на потребните одлуки за намера за финансирање, за дополнување на програма и за приоритет на проект, а во врска со проектот за зелен пазар, кои што одлуки да бидат ставени на дневен ред на Седницата на Советот на општината, закажана за 12.11.2018 година.

Дадено е задолжение до Одделението за правни и општи работи за тековна подготовка и неодложно распишување на повеќе постапки за јавни набавки, кои се поврзани со определени

предвидени и неопходни потреби за набавки, а со цел непречено функционирање на определени процеси, со посебен акцент на јавните набавки за јавно осветлување, зимско одржување и превоз на ученици.

Дадено е задолжение до Одделението за правни и општи работи и Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура за изготвување на проценка на објект во сопственост на општината (Сендвичарница Ганцо), која што проценка да биде изготвена најдоцна до 09.11.2018 година, по кое да биде објавен јавен оглас за давање под закуп на горенаведениот објект.

Дадено е задолжение за подготовка на спецификација за набавка на украси за новогодишно украсување, по кое да се пристапи кон распишување на повик за јавна набавка за новогодишно украсување, најдоцна до 09.11.2018 година.

Дадено е задолжение до ЈП Комуналец за редовно миење на улиците во централното градско подрачје, но и за расчистување и собирање на отпадот во речното корито, како и на патот кон Манастирот Свети Јоаким Осоговски и локалитетот Калин Камен.

Дадено е задолжение до Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина за подготовка на согледување на постоечки парцели во сопственост на Република Македонија, кои да бидат трансформирани од земјоделско во градежно земјиште и реалната можност за таква трансформација.

Дадено е задолжение до Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина за итна и неодложна санација на уредите за парно греење во Салата за промоција на туризмот во 3Д.

Дадено е задолжение до Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина до 09.11.2018 година да бидат одредени сите локации за поставување на автобуски постојки и да биде извршен дотур на материјал на истите, а со цел отпочнување со градежни активности за бетонирање на платформите на кои да бидат монтирани самите конструкции за автобуските стојалишта.

Дадено е задолжение до Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура за свикување на состанок во текот на оваа недела со проектантите на проектот за гасификација со цел отстранување на сите недостатоци и непредвидени компликации по однос на истиот.

---

**<u>Секретар</u>**

Информација за текот на постапката за објавување на јавен оглас за вработување на аминистративни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација за решавањето на постоечкиот спор со вработените во ТППЕ Крива Паланка со вонсудско потпишување на спогодба за исполнување на определени обврски и одбегнување на непотребни судски парници, кои ќе генерираат дополнителни непредвидени трошоци.

Информација во врска со вработувањето на 4 (четири) лица во ТППЕ Крива Паланка на работното место Пожарникар – спасител.

---

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Информација во врска со тековните исплати на плати и други обврски.

Информација во врска со направениот ребаланс на буџетот за 2018 година и тековното исчитување на самиот буџет и плановите за материјални трошоци од страна на Министерството за финансиии од кое нешто зависи и редовното и невремено плаќање на обврските на општината.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Информација во врска со тековните активности за асфалтирање на улици и делови од улици, динамиката и ефектот на реализација на самите активности.

Информација во врска со тековните активности за прочистување и санација на неколку патни правци кои ја поврзуваат Крива Паланка со повеќе околни села.

Информација во врска со активностите за припрема за асфалтирање на ул.„Лисец“ и ул.„Прохор Пчински“ од страна на КООП Инженеринг, а кои ќе отпочнат со реализација од 06.11.2018 година.

Задолжение за интервентно асфалтирање на делови во нас.Белево (кај браната) и на ул.„8-ми Октомври“ на 3 (три) локации (најдоцна до 07.11.2018 година).

Задолжение за интервентно лиење и поставување на ивичњаци на новоасфалтираната улица во нас.Белево (кај кошот).

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Истакната е потребата од издавање на посебни овластувања на неколку вработени лица во Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура за работа на околу 1.500 решенија за одбивање на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, кои решенија да бидат изготвени најдоцна до 20.11.2018 година, со нотирање на потребата од брза и експедитивна достава на самите решенија до засегнатите странки, која треба да биде реализирана најдоцна до 30.11.2018 година.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Информација во врска со извршена измена на Правилникот за систематизација на работните места во Општината.

Информација во врска со тековната постапка за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со постапката и спроведените активности за регистрирање на членови на УО и НО во Државната Комисија за спречување на корупција.

Предлог за свикување и одржување на итен состанок на членовите на работната група за подготовка на извештај за функционална анализа.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Информација во врска со потпишани договори за субвенциониран превоз на студенти, како и за стипендирање на талентирани ученици и студенти и на талентирани спортисти.

Информација во врска со активностите поврзани со подготовката и печатењето на новиот број на општинскиот информатор.

Информација во врска со реализацијата на проектот „Шопска софра“ финансиран преку SWG и активностите околу подготовката на потребните извештаи за истиот.

Информација во врска со тековните градежни активности поврзани со изградбата на пешачко-рекреативна патека – Висока зона (лок.Стара вада).

Информација во врска со прелиминарните резултати од евалуацијата на проектот „Бабин Дол“ во партнерство со Општина Дупница, аплициран за финансиска поддршка преку ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија.

Информација во врска со активностите на ниво на ова одделение за поготовка на годишната програма за социјална заштита на Општина Крива Паланка за 2019 година.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Информација во врска со спроведени 9 (девет) увиди на лице место од страна на инспекциските служби во текот на изминатата работна недела, а по претходно поднесени барања од граѓаните.

Информација во врска со динамиката на достава на решенија за даноци на имот на подрачјето на с.Конопница и с.Мождивњак од страна на комуналните редари.

Информација во врска со завршени активности за расчистување на околниот простор околу Спомен костурницата, лоцирана на ул.„Свети Јоаким Осоговски“.

Информација во врска со активностите за чистење на плочести и цевчести пропусти под магистралниот пат, која што активност ја реализираат ангажираните општи работници и резиме за извадениот материјал и потребата од негово собирање и соодветно дислоцирање во соработка со ЈП Комуналец Крива Паланка.

Предлог за свикување на координација на ден 07.11.2018 година, а заради утврдување на термин и задолженија за реализација на еколошка акција за чистење на диви депонии на јавни површини.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Информација во врска со тековното собирање на смет.

Информација во врска со тековни активности за подготовка на Програмата за јавно зеленило.

Истакната е потребата од приклучување на канализационата мрежа на повеќе домаќинства во нас.Маневци, а преку плаќање на соодветен надомест за приклучок, со повик до сите засегнати домаќинства за навремено плаќање на предвидениот надоместок, како и вонреден инспекциски надзор со изрекување на опомена на сите домаќинства кои немаат соодветен приклучок.

Информација во врска со подготвени платформи за монтирање на автобуски постојки на предвидените локации, а согласно со задолжението од претходниот колегиум.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

---

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со потпишани договори за откуп на авторско творештво и потребата од исплата на откупната цена на самите автори.

Информација во врска со подготовката на каталог во рамките на проектот „Шопска софра“ и потребата од плаќање на соодветен надомест за добивање на сип со каталошки број, под кој ќе биде издаден и каталогизиран и самиот каталог.

Задолжение за договарање на состанок со Кинескиот културен центар на ден 06.11.2018 година.

Информација во врска со подготовката на Програмата за култура за 2019 година.

Информација во врска со други тековни активности.

---

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**05.11.2018 година, Крива Паланка**